**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:** **Градоначалник на Град Скопје**

**ИЗГОТВУВАЧ:** **Сектор за образование**

**ПРЕТСТАВНИК:** **Секретар на Град Скопје**

**ПОВЕРЕНИК:** **Раководител на Сектор за образование**

**ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2023 година**

**Скопје, август 2023 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02 ) Советот на Град Скопје, на триесет и четврта седница одржана на _______2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување на Програмата за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2023 година**

I. Во Програмата за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 18/22) се вршат следниве изменувања:

1. Во глава III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 2023 ГОДИНА, во точка 3.2 „Креирање услови за развој на интегрирано и инклузивно средно образование, базирано на демократски принципи“, во точка 6. „Почитување на различностите и унапредување на инклузивноста во образовниот процес“, потточка 6.1 „Општинско корисна работа“ износот „3.000.000 денари“, се менува со износот „5.300.000 денари“

2. Во глава III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ ОД ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 2023 ГОДИНА,, по последната точка 11.3, во последната реченица износот „131.900.000 денари“ да се замени со износот „134.200.000“.

II. Оваа програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број _______________
__________2023 година
Скопје

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TËSHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ KRYETAR
Трајко Славески Trajko Sllaveski

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на оваа Програма е членот 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) кадешто е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје. На продолжението на својата дваесет и

втора седница одржана на 28 декември 2022 година Советот на Град Скопје ја донесе Програмата за активностите на Градот Скопје од областа на средното образование во 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 18/22) која се предлага да претрпи одредени измени:

Се предлага зголемување на средствата за реализација на потпрограмата „Општинско корисна работа“ која е предвидена со втората приоритетна цел - „Креирање услови за развој на интегрирано и инклузивно средно образование, базирано на демократски принципи“, и е насочена кон почитување на различностите и унапредување на инклузивноста во образовниот процес. Имено, се предлага износот предвиден за исплата на надоместокот за ангажирање на образовни и лични асистенти од „3.000.000 денари“ да се зголеми и да изнесува „5.300.000 денари“ заради очекуваното зголемување на нивниот број.

Со почетокот на учебната 2022/2023 година беше зголемен износот на паричниот надоместок за ангажираните образовните и лични асистенти, а со тоа се зголеми и интересот за нивно вклучување во оваа потпрограмска активност. На овој начин се унапредија можностите посоодветно да се одговори на зголемените барања на училиштата и потребите на учениците со посебни образовни потреби и физичка попреченост. Со цел да се продолжи овој позитивен тренд се планира новата 2023/2024 учебна година да отпочне со ангажирање на зголемен број на образовни и лични асистенти. Паричниот надоместок за образовните и личните асистенти ќе биде во износ од 18.000 денари, средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје и од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонијаи кои УНДП ги трансферира до Градот Скопје. Оваа поддршка ќе овозможи континуирано унапредување на квалитетот на услугата за образовна асистенција на лицата со посебни образовни потреби и физичка попреченост.

Со предложените измени се зголемува вкупниот износ на средства кои се предвидени со Програмата и истиот ќе изнесува 134.200.000 денари.

Поради сето горенаведено, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за изменување на програмата за активностите на Град Скопје од областа на средното образование во 2023 година.